Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
INSTITUCIONI NACIONAL
МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР
TEATRI POPULLOR MAQEDONAS
Бр. 04-427/1
24. 04. 2026 год./viti
Скопје / Shkup

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25), член 3 и член 20-г од Законот за вработените во јавен сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), одредбите од Правилникот за задолжителни елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување и пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.242/24), Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за пополнување на работно место во Националната установа „Македонски народен театар“ – Скопје преку вработување и на Пријавата за вработување како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас за вработување на помошно-технички лица бр.02-475/3 од 23.05.2025 година и Известувањето од Министерството за финансии на Република Северна Македонија за обезбедени финансиски средства број 19-2719/2 од 22.04.2026 година и Одлуката за објавување на јавен оглас за вработување на неопределено време бр.02-425/1 од 24.04.2026 година, Националната установа „Македонски народен театар“ – Скопје објавува:

ЈАВЕН ОГЛАС ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ
Број 04-427/1

I.Националната установа „Македонски народен театар“ – Скопје има потреба од вработување на шест (6) помошно – технички лица на неопределено време за следните работни места:

1. 1 (едно) лице на работно место **Декоратер**, шифра КУЛ 04 01 А03 006
   Посебни услови: степен и вид на образование, Основно образование
   Основна нето плата: 42.381 денари
   Со и без работно искуство
2. 3 (три) лица на работно место **Гардеробер – гардеробер за театарски костими** со шифра на работно место КУЛ 04 05 В01 004
   Посебни услови: степен и вид на образование, Средно образование
   Основна нето плата: 38.993 денари
   Со и без работно искуство
3. 1(едно) лице на работно место **Фризер**, шифра КУЛ 04 05 Б01 004
   Посебни услови: степен и вид на образование, Средно образование
   Други посебни услови: поседување на сертификат за завршена обука, курс за фризер
   Основна нето плата: 44.746 денари
   Со и без работно искуство
4. 1(едно) лице на работно место **Друг работник на сценско-визуелни ефекти**, шифра КУЛ 04 05 А01 009

Посебни услови: степен и вид на образование - Средно електро-техничко/машинско/општо четиригодишно образование, односно тригодишно електро- техничко/машинско/општо образование

Други посебни услови: Ефикасно, ефективно, квалитетно да извршува работни задачи за остварување на програмата на работа на Театарот.

Основна нето плата: 49.100 денари

Со и без работно искуство

II.Кандидатот за работно место треба да ги исполнува општите услови:

- Да е државјанин на Република Северна Македонија,
- Активно да го користи македонскиот јазик,
- Да е полнолетен,
- Да има општа здравствена способност за работното место и
- Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

III. Распоред на работното време:

-За работното место **Декоратер** работното време се распределува согласно со програмските потреби за проби и претстави, двократно од 10:00 до 14:00 и од 18:00 до 22:00 часот, односно 40 часа неделно;

- За работното место **Фризер** работното време се распределува согласно со програмските потреби за проби и претстави, двократно од 10:00 до 14:00 и од 18:00 до 22:00 часот, односно 40 часа неделно;

-За работното место **Гардеробер – гардеробер за театарски костими** работното време се распределува согласно со програмските потреби за проби и претстави, двократно од 10:00 до 14:00 и од 18:00 до 22:00 часот, односно 40 часа неделно;

-За работното место **Друг работник за сценско-визуелни ефекти** работното време се распределува согласно со програмските потреби за проби и претстави, двократно од 10:00 до 14:00 и од 18:00 до 22:00 часот, односно 40 часа неделно.

Рокот за доставување на пријавите со потребните документи изнесува 4 (четири) работни дена од денот на објавувањето на огласот. Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Пријавата за огласот може да се подигне од архивата на Националната установа „Македонски народен театар“ - Скопје или да се симне од интернет страната www.mnt.mk. Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно и со точни податоци. Кандидатите заедно со пријавата треба да ги достават потребните документи за исполнување на општите и посебните услови:

- Уверение за државјанство
- Уверение за општа здравствена способност за работното место (не постаро од 6 месеци)

- Потврда/Уверение дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност (не постаро од 6 месеци)
- Доказ – Диплома/Уверение за завршено образование

Пријавата со потребната документација кандидатите треба да ја достават до архивата на Националната установа „Македонски народен театар“ – Скопје, секој работен ден од 10:00 до 14:00 часот или по пошта на следната адреса: ул.„11 Март“ бр.3 – Скопје (во коверт со назнака за „јавен оглас за вработување на неопределено време број 04-427/1“)

Право на учество имаат сите граѓани на Република Северна Македонија кои ги исполнуваат условите за конкурирање. Кандидатите со пријавата треба да ги достават доказите за исполнување на условите, во оригинална форма или копија заверена на нотар.

Ненавремените пријави и документацијата нема да се разгледуваат.

Селекцијата и интервјуто на пријавените кандидати ќе ги спроведе надлежна Комисија формирана за спроведување на постапка за вработување. Пријавените кандидати ќе бидат навремено известени за времето и местото на одржување на интервјуто.

Директор
Никола Кимовски